Одделение	Машки	Женски	вкупно
1	1	1	2
2	1	2	3
3	1	4	5
4	2	1	3
5	1	2	3
6	6	4	10
7	5	2	7
8	4	4	8
9	6	3	9
ВКУПНО	27	23	50






3.Централно училиште ООУ„ Лирија“ Горно Јаболчиште и подрачни училишта во Долно Јаболчиште и Горно Врановци

Одделение	Машки	Женски	вкупно
1	36	37	73
2	46	49	95
3	47	33	80
4	68	37	105
5	84	54	138
6	37	43	80
7	45	36	81
8	49	38	87
9	50	53	103
ВКУПНО	462	380	842






4. Централно училиште ООУ„ Дитуриа“ Бањица

В0 2026/2027 година имаме вкупно 39 деца, од кои 23 машки и 16 женски.

Одделение	Машки	Женски	вкупно
1	3	1	4
2	6	5	11
3	3	5	8
4	6	3	9
5	5	2	7
ВКУПНО	23	16	39





Во рамките на училиштата има отворени спортски терени, кои помагаат за реализација на образовниот процес и влијаат на подобрување на психофизичките способности на учениците и квалитетот на живот.

Спортската инфраструктура во Општина Чашка во изминатиот период бележи значителна модернизација, пред сè преку изградба на нови училишни капацитети и надворешни терени кои се користат и од локалните клубови и од рекреативците.

Објекти и стадиони за спорт со кои располага општина Чашка

- Стадион „ Браќа Весови“ во Населба Чашка , спортски терен, соблекувални и трибини
- Стадион Богомила , отворен спортски терен

Училишни спортски објекти

- Затворена спортска сала во ООУ„ Тодор Јанев „ Населба Чашка
- Во завршна фаза е спортската сала во ООУ „Лирија“ Горно Јаболчиште, односно опремување на салата се очекува до крај на 2026 година

На ниво на територија активно делува детскиот фудбалскиот клуб Јакупица во Горно Јаболчиште, како и училишен спортски клуб Тополка Горно Јаболчиште кои се заалгаат за едукација на деца од 6 до 14 години .

Во општина Чашка во месец септември започнува и процес на формирање школа за развој на спортот , во Населба Чашка која има за цел поттикнување на младите односно децата, машки и женски кои следат настава од прво до петто одделение, и од шесто до деветто одделение од цела територија на општина Чашка.

АНАЛИЗА НА СПОРТ	
Општи карактеристики	**Предизвици**
• Општина Чашка располага со отворен стадион во Населба Чашка за голем фудбал • Општината има значен потенцијал за развој на алтернаривен спорт (планинарски, велосипедски, аплинистички) • Постоење на велосипедските патеки во Општина Чашка • АЗОТ тура • Основните училишта на територија на Чашка имаат основа за одвивање на часот физичко и здравствено образование • Општината има добра соработка со здруженија на граѓани , фудбалски клубови кои делуваат не територија на Чашка • Постои можност за искористување на обновливи извори на енергија за осветлување на спортски терени и заштеда на енергија	• Недоволно развиена инфраструктура за спорт во населените места • Недоволно опрема за одвивање на физичко и здравствено образование • Недоволно квалитетни содржини, фитнес центри во населените места • Недоволно иксористени можности за развој на спорт • Недоволно спортски терени во населените места • Неопходна реконструкција на спортските терени во населните места • Недоволно развиена инфраструктура од фитнес урбана опрема во населените места • Непостојат детски паркови за лица со пореченост во населените места • Непостојат детски паркови во населените места • Недоволно спортска урбана опрема за одвивање на настава по физичко и здравствено образование • необучен човечки персонал (тренери) за работа за спортски активности (спортски тренери) за лица со попреченост • недоволно спортски реквизити за работа со лица со попреченост

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената анализа анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

SWOT анализа, е основа за планирање во која се интегрирани и наодите од тематската SWOT анализа Спорт и спортска инфраструктура

Табела : SWOT анализа во спортска инфраструктура

Јаки страни	Слабости
Внатрешен поглед	
• Расположливи ресурси за развој на спорт во населба Чашка • Во населба Чашка има • (отворен спортски терен во училишен двор ООУ„ Тодор Јанев“ Населба Чашка(фудбал, кошарка) • Спортска сала • Имаме маркица за кошаркарски терен во Населба Чашка • Има фитнес справи за психофизчки развој во училишен двор и во населба Чашка • Има детски паркови • Има спортски терен за кошарка и фудбал во Лисиче • Има спортски терен во село Горно Врановци за фудбал • Имаме мултифунцкионална справа во улилишен двор во Горно Врановци • Имаме спортски терен за фудбал и кошарка во Долно Јаболчиште • Имаме детски реквизити и фитнес справи во училишен двор во Долно Јаболчиште • Имаме спортски терен за фудбал за Еловец • Имаме спортски терен во Мелница за фудбал, кошарка • Имаме спортски терен во Извор (зафудбал и кошарка) • Имаме мултифункционална справа во училишен двор во Извор • Имаме спортски терен за фудбал во Богомила • Имаме спортски терен за кошарка и	• Немање на спортски терен за кошарка • Немање на мултифункционално спортско игралиште • Немање на детски катчиња за лица со попреченост во населените места • Непоходна е континирана санација на детски игралишта во населените места • Недостасува можности за кошарка во Горно Врановци • Недостасуваат трибини во Горно Врановци • Недостасуваат фитнес справи во Горно Врановци • Недостасуваат фитнес справи и детски реквизити во Голозинци • Недостасуваат фитнес справи , детски реквизити во Горно Јаболчиште • Недостасува спортски терен за голем фудбал во Горно Јаболчише • Недостасува спортски терен за кошарка, одбојка, тенис во Горно Јаболчиште • Недостасува спортски терен за одбојка, кошарка, тенис во Долно Јаболчиште • Недостасува санација на спортски терен за фудбал во Еловец(набавка на спортски стативи за голем фудбал) • Недостасуваат фитнес справи во Еловец • Недостасува санација на спортски терен во училишен двор во Мелница • Недостасува санација на спортски терен за фудбал на отворено во Мелница • Недостасува дополнување на мултифункционални справи во Извор • Недостасува спортски терен во село Оморани (кошарка, фудбал, детски реквиизти) • Недоставсува санација на спортски терен во Населба Оморани

фудбал во училишен двор во Богомила • Имаме спортски терен за фудбал и кошарка во Бањица • Има спортски терен за фудбал во Теово • Има спортски терен во Мартолци, фудбал и кошарка • Имаме стадион „ Браќа Весови„ Населба Чашка	• Несоствасува санација на фудбалско игралиште во Богомила (голем фудбал) • Недостасува санација на спортски терени во училишен двор во ООУ Петре Поп Арсов Богомила • Недостасува детски забавен парк во Бањица • Недостасува фитнес опрема во Бањица • Недостасува спортски терен кошарка , фудбал во Согле • Недостасуваат спортски терени, детски игралишта во Стари Град • Недостасуваат детски игралишта во Ореше и Нежилово • Недостасува спортски терен во Владиловци • Недоволно детски реквизити во Владиловци • Неопходна е санација на отворено спортско игралиште во Согле за фудбал, до железничката пруга • Недостасува спортски реквизити во Согле • Недостасува фитнес опрема во Согле • Неопходна е санација на детско игралиште во Теово • Недостасува реконструкција на спортски терен за кошарка во Мартолци • Недоволно спортски манифестации • Недоволно активности за стари лица • Недоволно покриеност со урбанистичко планска докумнетација на населените места во општината • Недостасува инфрастрсуктура, канцеларии за НВО, спортски здруженија кои делуваат во Чашка • Неопходна е санација на спортски терен на стадионот, вештачка трава , дренажа • Реконструкција на спортски трибини на стадионот во Чашка • Реконструкција на клупи за гостинска екипа, домашна екипа и судии(санација на постојки од дожд и ветер) • Неопходна е набавка на опрема, одбележување на спортски терен во Населба Чашка • неопходна е обезбедена физичка пристапност до спортските објекти

Можности	Закани
Надворешен поглед	
• Препознатливост од страна на домашни и странски посетители, посебно во областа на активен, планински туризам и спорт • Препознатливост во областа на МТБ АЗОТ тура • Постоење на фондови и национални програми за рурален развој , ФФМ, амбасади, донатори • Растечки тренд на заинтересираност за планинарски и велосипедски спорт • Постоење на меѓународни организации, кои го поддржуваат спортот ЕРАЗМУС СПОРТ програма	• Некомплетна децентрализација во спортото и социјала за искористување на ресурсите • Слаба финансиска поддршка за развој на спорт • Непостоење на урбанистички планови за инфаструктурни објекти во спортот • Тенденција на миграција, иселување на млади од државата и затврање на училишта

Локална спортска инфраструктура:

1. Затворени спортски објекти и сали

- Спортска сала во Населба Чашка (ООУ „Тодор Јанев“): Ова е првиот и примарен капитален затворен спортски објект во општината. Објектот е опремен како типска училишна фискултурна сала. Дизајниран е за практикување мал фудбал, кошарка, ракомет, пинг-понг и гимнастика, а покрај за потребите на учениците, наменет е и за користење од страна на локалното население и спортските здруженија.
- Спортска сала во Горно Јаболчиште (ООУ„ Лирија“ Горно Јаболчиште: во завршна фаза е спортска сала во Горно Јаболчиште. Овој капитален објект значително ќе ги подобри условите за спорт во овој планински регион.

2. Отворени спортски терени и стадиони

- Фудбалски стадион „Браќа Весови“. Сместен е во населба Чашка и претставува главен фудбалски терен во општината.
- Урбан фитнес центар на отворено: Во дворот на училиштата „Тодор Јанев“ во населба Чашка и “ЛИРИЈА” с. Долно Јаболчиште, инсталирани се отворени фитнес центри со повеќе фитнес справи и реквизити, достапни за вежбање на сите жители во текот на целиот ден.

3. Алтернативна спортска инфраструктура

- Маркирани планинарски и велосипедски патеки: Поради извонредните природни карактеристики на регионот (планината Јакупица, Азот и реката Бабуна), Чашка има одлична инфраструктура за алтернативен спорт. Преку локални проекти („Освои ја Чашка“), уредена и маркирана е кружна спортско-планинарска патека во должина од дури 82 километри, која редовно привлекува стотици планинари, велосипедисти и маратонци.

Стратешкиот развој на спортот во општина Чашка се заснова на следниве неколку области:

- Финансиска поддршка на локалните клубови, школи, академии, здруженија на граѓани Преку годишен јавен повик, Општина Чашка доделува директна финансиска помош од општинскиот буџет за поддршка на програмските активности на локалните клубови
- Развој на спорт и социјална инклузија: Во соработка со граѓански организации активно спроведува програми што го користат спортот како алатка за поврзување на младите од руралните средини и градење на идни лидери
- Родова еднаквост во спортот: Во програмите се имплементирани одредбите од Законот за еднакви можности на мажите и жените, со посебен фокус на поттикнување на женскиот спорт. Одличен пример за успехот беше започнување на женски фудбалски клуб кој за жал во овој момент не функционира
- Училишна спортска инфраструктура: Изградба и опремување на училишната инфраструктура и континуирано инвестирање во рекреативни зони за жителите

Визија

Општина Чашка – средина со развиена, безбедна и инклузивна спортска инфраструктура, каде секој млад човек има бесплатен пристап до спорт, рекреација и здрав начин на живот.

Во фокус е промоцијата на спортот како општествена вредност,унапредување на спортска инфраструктура , поддршката на младите и врвните спортисти, развојот на масовниот и училишниот спорт

Стратешки цели :

- Модернизација на инфраструктурата: Изградба, реконструкција и редовно одржување на спортските сали, игралишта и фитнес зони на отворено во сите поголеми населени места
- Училишен спорт како база: Поддршка на училишните спортски клубови во основните училишта ООУ „Тодор Јанев“ (Населба Чашка), ООУ „Петар Поп Арсов“ (Богомила) и ООУ „Лирија“ (Горно Јаболчиште)
- Финансиска одржливост за клубовите: Транспарентно кофинансирање на локалните фудбалски, планинарски и други спортски здруженија преку буџетски програми
- Развој на спортски и алтернативен туризам: Искористување на природните потенцијали по течението на реката Бабуна и планинските масиви за велосипедизам, планинарење и екстремни спортови
- Поттикнување на академии , школи за фудбал во Општина Чашка
- Едукации

1 РАЗВОЈ НА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

1.1 Обнова и изградба на спортска инфраструктура во населените места

1.2 Фарбање, замена на мрежи , заштитни огради на спортски терени во населените места

1.3 Реконструкција на стадиони во Населба Чашка (замена на подлога од природна трава со вештачка трава, решавање на јавно осветлување со фотоволтаици, подобрување на инфраструктура (клупи за домашна екипа, тим, за гости, за делегат), и Богомила

1.4 Изградба на нови игралишта за тимски спортови :фудбал (мал и голем фудбал), кошарка, одбојка, тенис (Населба Чашка, село Чашка, Еловец, Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште, Ореше, Нежилово, Лисиче, Долно Јаболчиште, село Оморани, село Согле, Стари град, Богомила, Ореше, Нежилово

1.5 Реконструкција на спортски терени за тимски спортови во населените места

1.6 Подготовка на урбанистиќко проектна документација и фазна изградба на фудбалски стадион во Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште

1.7 Подготовка на урбанистичко проектна документација, фазна изградба на базен во Населба Чашка, Горно Јаболчиште, Богомила

2 РАЗВОЈ НА СПОРТОТ на сите нивоа, од аматерски до професионален, фитнес и рекреација на отворено

2.1 Поставување и дополнување на современи фитнес справи на отворено во населените места и тоа: Лисиче, Голозинци, Горно Јаболчиште, Горно Врановци, Извор, Богомила, Согле, Бањица

2.2 Организирање на фитнес натпревари со цел популализација на масовен рекреативен фитнес спорт

2.3 Изградба и уредување на рекреативни зони

2.4 Поставување и реконструкција на нови детски реквизити(луалашки, клацкали) во село Бањица, Лисиче, Голозинци, Горно Врановци, Горно Јаболчиште, Еловец, село Чашка, Согле, Ореше, Нежилово, Населба Оморани, Село Оморани

2.5 Поставување на клупи, летниковци и енергетски ефикасно осветлување околу сите спортски површини и детски игралишта

2.6 Поддршка за стимулација на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења

2.6.1 Стимулирање на талентирани спортисти/ученици/чки и студенти/тки

2.6.2 Донесување на одлука за стипендирање

2.6.3 Донесување на правилник за стипендирање

2.6.4 Објава на конкурс за стипендирање

2.7 Опремување и поддршка на основните училишта да станат центар на спортски развој во населените места

2.7.1 Опремување со реквизити (Годишен буџет и обезбедување на донации за набавка на опрема (топки, мрежи, чуневи, сталки, маси за пинг понг за училишните спортски клубови))

3 ПРОМОВИРАЊЕ НА СПОРТОТ, оддржување на манифестации, натпревари и алтернативни спортови како начин за оживување на општествениот живот преку масовни настани во населените места

3.1 Организирање на традиционални турнири (фудбал, кошарка, пинг-понг, пеливанство, атлетска трка) во сите населени места со акцент повеќе на Населба Чашка, Горно Јаболчиште, Извор, Богомила, Долно Јаболчиште, Мелница, Горно Врановци

3.2 Поттикнување и развивање на тимски игри и натпревари

3.3 Промотивни и организациски активности на нови спортски терени

3.4 Логистичка поддршка за спортски клубови и учесници

3.5 Поддршка за аматерски и професионален спорт

3.6 Финансиска поддршка за развој на професионлни спортови

3.7 Поддршка на спорт за возрасни лица

3.8 Поддршка на спорт за лица со попреченост: пинг понг, стрелаштво, атлетика, шах, стоечко веслање , планинарење

3.9 Финасиска поддршка за фудбалски клубови, фудбалски школи и акдемии на територија на Чашка

3.10 Финансиска поддршка на здруженија на граѓани развој на планинарски, велосипедски, алпинистпки, планинарски спортови

3.11 Финансиска поддршка на здруженија на лица со попреченост

3.12 Финансиска поддршка на КЛУБ за спорт и рекреација на инвалиди Велес (кој е дел од параолимпијада

4 РАЗВОЈ НА АЛТЕРНАТИВЕН СПОРТ - Чашка има огромен потенцијал за развој на алтернативен туризам, инклузивна рекреација и локален економски развој

4.1 Развој на проект за картинг патека како содржина за младите (Горно Јаболчиште, Богомила)

4.2 Стимулирање на дечиња за спортски игри и активности

4.3 Поттикнување и развивање на тимски игри и натпревари за сите од 7 до 77

4.4 Поттикнување и промовирање на здрави навики

4.5 Зголемување на интерес за шах кај младите и промовирање на здрав спортски дух

4.6 Спортски активности за стари лица

4.7 Спортски активности за лица со попреченост

4.8 Развој на планински и патен велосипедски туризам (велосипедски патеки, промоција, манифестации)

4.9 Поттикнување на на спортски риболов (река Бабуна, река Тополка и придружни притоки и акумулации)

4.9.1 Инфраструктурно прилагодување на Бабуна и Тополка, еко-чуварски служби, годишно порибување и купот „Бабуна“

4.9.2 Развој на спортско-туристички манифестации

4.10 Риболовни купови и натпревари со организирање на традиционален годишен спортски риболовен куп (на пр. „Бабуна купот“) кој ќе привлече риболовци од цела држава и регионот.

4.11 Инклузивни риболовни денови можности за организирање на рекреативни риболовни настани наменети специјално за пензионери, ветерани и лица со попреченост, со што ќе се поттикне нивна социјализација и активна вклученост во природата

4.12 Инклузивно риболовни денови за сите рекреативни риболовци

4.13 Промоција и партнерства

4.14 Информативни табли и мапи за риболовци: Изработка на брошури и поставување на информативни табли со означени дозволени зони за риболов, видови риби кои се наоѓаат во тој дел и правилата за „фати-пушти“ (catch and release) риболов.

4.15 Соработка со риболовни федерации: Склучување на меморандум за соработка со Федерацијата за спортски риболов на Македонија за ставање на Општина Чашка на мапата на официјални државни натпревари

5 ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИ ПАТНИ ПРАВЦИ (патен велосипедизам)

5.1 Регионалниот пат кој води од Велес, преку Чашка, па сè до Богомила и Нежилово, е исклучително популарен за патен велосипедизам, но е тесен и ризичен.Неопходно е да се:

5.2 Проширување на асфалтниот појас (Вело-ленти): При секоја следна реконструкција на регионалните патишта (на пр. R1312), може да се предвиди проширување со асфалтирана велосипедска лента од најмалку 1 метар од двете страни

5.3 Велосипедски „Шлајф“ на локалните патишта: Поставување на посебна сигнализација (сообраќајни знаци и хоризонтална релјефна сигнализација) која ги предупредува возачите на автомобили дека патот е фреквентна велосипедска рута, особено на потегот Чашка – Војница – Крајници.

5.4 Дигитализација и уредување на МТБ мрежата (Планински туризам)

5.5 Поставување на стандардизирани патокази: Инсталирање на издржливи, еколошки (дрвени) патокази со јасни ознаки за тежина на патеката, должина и висинска разлика (по примерот на меѓународните стандарди) на рутите кон Чеплес, Папрадиште и Даутица.

5.6 Отворање на „Вело-парк“ (Bike Parks) и станици за сервис: Поставување на пунктови со алати за брза поправка, пумпи и мапи во Богомила, Чашка и пред планинарските домови

5.7 Дигитални GPS-патеки со QR кодови: Поставување на информативни табли на железничките станици во Чашка и Богомила со QR кодови кои водат до преземање на GPX фајлови за патеките (поврзани на платформи како Strava или Komoot).

5.8 „Мултимодален“ вело-туризам (Поврзување со железницата)

5.9 Велосипедски паркинзи на железничките станици: Изградба на безбедни, покриени паркинзи за велосипеди (вело-гардеробери) на самите станици, со цел локалното население да може да го користи велосипедот како превозно средство до воз.

5.10 Заедничка иницијатива со МЖ Транспорт: Општината да лобира за обезбедување на специјални вагони или простори за лесен внес на велосипеди во возовите кои сообраќаат на оваа линија, што масовно би привлекло викенд-велосипедисти од Скопје и Велес.

6 УРБАНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО РАМКИ НА НАСЕЛБА ЧАШКА

6.1 Безбедна училишна рута: Изградба на одвоена велосипедско-пешачка патека која ќе ги поврзува станбените куќи со општинската зграда и локалното училиште, со цел да се поттикнат децата безбедно да возат велосипед.

6.2 Поттикнување на велосипедот како безбедно превозно средство за учениците, но и алатка за развој

6.3 Инфраструктурни и технички мерки (Училишна средина)

6.4 Изградба на училишен „Велосипедски полигон“: Уредување на рамна безбедна површина во основните училишта (централни и подарачни) со исцртани сообраќајни знаци, крстосници и пречки. Овде децата ќе ги учат основните правила во сообраќајот и техниките на рамнотежа.

6.5 Безбедни велосипедски паркинзи (Вело-засолништа): Поставување на покриени и осветлени паркинзи за велосипеди со видео-надзор во училишните дворови. Ова ќе им даде сигурност на учениците и родителите дека велосипедите се безбедни за време на часовите.

6.6 Општински фонд за училишни велосипеди: Набавка на неколку десетици училишни велосипеди и заштитни кациги (преку општински буџет или донации). Со ова ќе се овозможи и на децата кои немаат сопствен велосипед да учествуваат во активностите.

6.7 Едукативни мерки и Наставна програма

6.7.1 Воведување на „Велосипедски часови“ во физичко образование: Во соработка со Бирото за развој на образованието, дел од часовите по физичко и здравствено образование да се посветат на сообраќајна култура, правилно управување со велосипед и основи за сервисирање (како да се промени внатрешна гума или да се намести синџир).

6.7.2 Програма „Безбедно до училиште“ (Safe Routes to School): Мапирање на најбезбедните локални улички и патеки во населбата Чашка по кои децата можат да стигнат до училиште. Формирање на т.н. „Вело-автобуси“ – групи на ученици кои возат заедно до училиште, предводени од наставник или родител-волонтер.

6.7.3 Добивање на „Вело-дозвола“: Организирање на завршен теоретски и практичен тест на крајот на учебната година во соработка со МВР. Учениците кои ќе го положат тестот би добивале симболична „велосипедска дозвола“ и рефлектирачки елек.

7 МЕРКИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА СПОРТСКИ РАЗВОЈ (Планински велосипедизам)

7.1 Училишна МТБ (планинска) секција: Формирање на младински клуб за планински велосипедизам кој ќе ги користи лесно достапните патеки во околината. Ова директно ќе ги подготви локалните млади за учество во традиционалниот предизвик „АЗОТ“.

7.2 Организирање на „Вело-викенди“ со родителите: Еднаш месечно училиштето може да организира рекреативни тури за учениците и нивните семејства (на пример: рута Чашка – Војница или Богомила – Бабуна), со цел градење заедница и промоција на здрави навики.

8 ВМРЕЖУВАЊЕ И ПАРТНЕРСТВО

8.1 Вклучување на локални идоли и менторство

8.2 Ангажирање на искусни велосипедисти и тренери од Велес и регионот како надворешни предавачи и ментори на децата

8.3 Посета од успешни спортисти: Донесување на познати спортисти или успешни локални млади лица во училиштата во Чашка за да ја споделат својата приказна

8.4 „Врсничко менторство“ Обука на постари ученици кои ќе бидат лидери и ќе ги мотивираат помалите деца да се вклучат во спортските секции

9 АПЛИКАЦИЈА СО ЕУ ФОНДОВИ (Erasmus+ или Прекугранична соработка)со цел општината и основните училишта да обезбедат грантови наменети за млади, спорт и рурален развој, со што ќе се обезбедат финансиски средства за опрема и инфрастуктура

9.1 Поврзување на физичкото и менталното здравје

9.2 Промовирање на спортските тренинзи како време каде што можат да се исклучат од училишните обврски и социјалните мрежи „Зона без стрес“

9.3 Организирање работилници за тоа како вежбањето го подобрува сонот, концентрацијата и самодовербата преку вклучување на психологијата(стручни служби од основните општински училишта)

10 КЛУБ ЗА МЛАДИ

10.1 Клубови за млади Рестартирање на младински клуб во Извор и негово опремување за развој на спортско – социјални активности

10.2 Отварање на клуб за млади во населените места

ФИНАНСИСКА РАМКА И ПАРТНЕРСТВА

Општинскиот буџет не може сам да ги покрие овие потреби, па затоа за спроведување на активностите и мерките е добро да имаме и кофинансирање како и обезбедување на донации, од домашни и странски донации , институции (Министерство за спорт и млади, Министерство за култура и туризам, Министерство за животна средина и просторно планирање , Министерство за образование и наука,ФФМ), ЕУ фондови , Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (ЕРАЗМУС +СПОРТ) и донатори : (ИПА, Програма за рурален развој, проекти за меѓугранична соработка за развој на спортски туризам, општествено одговорни компании (спонзорства) како и амбасади .

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ И ПСИХОФИЗИЧКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ЧАШКА

Временската рамка за спроведување на предложените активности или проекти е за период од 2026-2030 година. Партнери и носители на реализацијата се: Општина Чашка, Советот на Општина Чашка, локалните или регионалните здруженија, Министерство за спорт и млади, ФФМ фудбалски клубови ,школи, академии, основни училишта, здруженија на граѓани кои делуваат на територија на општина Чашка, Центар за развој на Вардарски плански регион,како и други национални и меѓународни институции .